А. УПАТСТВА ЗА ПОНУДУВАЧИТЕ

1. Услуги што треба да се обезбедат

Нарачател на услугите е здружение на граѓани Флорозон – Центар за еколошка демократија Скопје проект „Механизам за превенција од корупција“. Адреса на проект: Никола Парапунов бр.41 локал 102, 1000 Скопје, www.florozon.org.mk, email: contact@florozon.org.mk; project@florozon.org.mk

2. Предмет на договорот за ангажман

Предмет на договорот е обезбедување на за подготовка на работни и промотивни материјали. Детален опис на бараните услуги е даден во Анекс I – Технички спецификации.

3. Содржина на понудите

Понудите, целата кореспонденција и документите поврзани со постапката кои ги разменуваат понудувачот и Нарачателот се пишуваат на македонски јазик со користење на неговото кирилско писмо. Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во електронска форма и печатена форма.

Елементи на понудата кои треба да бида доставени се:

- Финансиска понуда
- Портфолио на компанијата
- Тековна состојба или ДРД образец од со која се докажува својата професонална дејност во побараните услуги
- Изјава за за непостоење на услови за исклучување на добавувач за извршување на услуги за проектот

4. Начин на поднесување на понуди

Понудите мораат да се поднесат најдоцна до 27.10.2023 година до 16 часот на следната адреса: Флорозон - Центар за еколошка демократија Скопје, адреса: Никола Парапунов бр.41 локал 102, 1000 Скопје, или електронски на contact@florozon.org.mk и project@florozon.org.mk

Понудата која е поднесена по истекот на крајниот рок за поднесување на понудите нема да се разгледува.

5. Право на учество

Право да достави понуда има секое заинтересирано домашно правно лице- понудувач.

6. Цена на понудата

Цената на понудата се пишува со бројки и букви.

7. Валута на понудите

Цената на понудата се изразува во денари без вклучен данок на додадена вредност. Проектот е ослободен од данок на додадена вредност .

8. Критериуми за доделување на договор

8.1 Критериуми за доделување на договорот за услугите за работни и промотивни материјали се:

- Квалитативна евалуација: Портфолио и и рок на испорака 20 бодови

- Финансиска понуда : цена 80 бодови

Вкупна оценка: 100 бодови

ЦЕД Флорозон го задржува правото да ја прифати или одбие било која понуда.

9. Потпишување на договорот

По завршување на изборот за најповолен понудувач, сите понудувачи во постапката ќе бидат известени за одлуката за прифаќање/одбивање на доставената понуда. Известувањето е од информативен карактер и не предизвикува правни последици.

Успешниот понудувач ќе биде информиран за прифаќањето на неговата понуда, најдоцна во рок од 3 дена од донесувањето на одлука за избор на најповолна понуда. Нарачателот го задржува правото да побара дополнителни документи од понудувачот. Најуспешниот понудувач ќе биде поканет да склучи договор за извршување на бараните услуги.

Бр. 0302/89-2

Скопје, 19.10.2023